Република Северна Македонија

**ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА СКОПЈЕ**

Архивски знак. ____________
Рок на чување. ____________
____________ 20 ___год.
Потпис,
____________

OTA

Бр. 08-72/1
29.01.2020 година

ota@ota.mk

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКАТА АГЕНЦИЈА СКОПЈЕ ЗА 2019 ГОДИНА

Скопје,

јануари, 2020 година

Република Северна Македонија

**ОПЕРАТИВНО–ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Оперативно-техничка агенција
Agjencia teknike-operative
Бр./Nr. 08 - 82/1
29 . 01 . 2020 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 7 од Законот за Оперативно-техничката агенција („Службен весник на Република Македонија" бр. 71/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 – понатаму во текстот: ЗОТА), директорот на Оперативно-техничката агенција Скопје (во натамошниот текст – ОТА), го донесе следниот:

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКАТА АГЕНЦИЈА СКОПЈЕ ЗА 2019 ГОДИНА

### I. ВОВЕД

Оперативно-техничката агенција е самостоен и независен државен орган, основан со Закон за Оперативно-техничката агенција („Службен весник на РМ бр.71/2018 од 19.04.2018 година), со кој покрај основањето на ОТА, се уредуваат и надлежностите, раководењето, правата и обврските од работен однос на работниците во ОТА, стручниот надзор и финансирањето на ОТА. Во 2019 година донесен е Закон за изменување на законот за Оперативно-техничка агенција („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 од 21.05.2019 година).

### II. БРОЈ НА АКТИВИРАНИ КОМУНИКАЦИИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОВЛАСТЕНИТЕ ОРГАНИ

Во текот на 2019 година, ОТА технички посредуваше во активирање на мерката следење на комуникациите во вкупно петстотини дваесет и две (522) комуникации за потребите на овластените органи во Република Северна Македонија.

### III. БРОЈ НА АКТИВИРАНИ КОМУНИКАЦИИ ЗА СЕКОЈ ОВЛАСТЕН ОРГАН ОДДЕЛНО

Од наведениот вкупен број на активирани комуникации за чие активираање ОТА технички посредуваше во 2019 година:

- Двесте шеесет и девет (269) комуникации беа технички проследени од страна на ОТА за потребите на БЈБ при МВР; и
- осум (8) комуникации беа технички проследени од страна на ОТА за потребите на Управа за финансиска полција при Министерство за финансии.

## IV. СОСТОЈБА И КОНСТАТИРАНИ НАОДИ ПРИ ИЗВРШЕНИТЕ СТРУЧНИ НАДЗОРИ ОД СТРАНА НА ОТА НАД РАБОТАТА НА ОПЕРАТОРИТЕ

Во рамките на своите законски надлежности ОТА врши стручен надзор над работата на операторите при спроведување на мерките за следење на комуникациите. Во текот на 2019 година, се спроведоа подготовки, се создадоа сите неопходни услови и се извршија првите стручни надзори над работата на оператори.

Од редот на работниците во ОТА се формираше Комисија за стручен надзор составена од претседател и двајца членови со нивни заменици коишто ги извршија надзорите во оператори во текот на 2019 година.

Во ОТА се подготвија, се донесоа и беа објавени неопходни подзаконски акти и документи кои ги уредуваат мерките, стандардите и процедурите за спроведувањето на стручниот надзор и тоа:

- Правилник за начинот на постапување на операторите при спроведување на мерките за следење на комуникации и начинот на вршење стручен надзор од ОТА („Службен весник на Република Северна Македонија бр.182/2019 од 03.09.2019 година“), и
- Правилник за мерките и стандардите на информациска безбедност кои се должни да ги применуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги во врска со обврските за спроведување на мерките за следење на комуникациите.
- „Листа на проверки“ низ која се утврдува исполнетоста на сите аспекти на безбедноста на инфраструктурата и безбедносната околина кај операторите.

Во подготвителната фаза на изработката на овие акти и документи, ОТА ги вклучи релевантни субјекти кои се предмет на стручниот надзор заради нивна сензибилизација и проактивен однос, со цел воспоставување на ефикасен систем за следење на комуникациите и негова контрола и надзор. Исто така, пред донесувањето и објавувањето во Службен весник на РСМ Правилникот беше ставен на јавна расправа и отворен за сугестии од стручната јавност.

По донесувањето на посочените акти и документи, Комисијата на ОТА во последниот квартал на 2019 година спроведе вклупно 4 (четири) надзори, односно по 2 (два) стручни надзори кај двата најголеми оператори во Република Северна Македонија, односно кај Македонски Телеком АД Скопје и А1 Македонија, а оствари и работни подготвителни средби со други оператори на јавните електронски комуникациски мрежи во Република Северна Македонија заради утврдување на статусот на состојбите во поглед на обврските за спроведување на мерките за следење на комуникациите.

Наодите од стручните надзори ѝ овозможија на ОТА да ја констатира исполнетоста на неопходните технички услови над употребата на техничката опрема и електронските комуникациски водови за овозможување на следење на комуникациите, воспоставеноста на авторитетите согласно донесените документи, но и многу важно за работењето во овие динамични технологии во телекомуникациите, воведувањето на новите сервиси и можности кај

самите оператори кои ОТА нужно мора да го следи заради овозможување на непречен технички премин помеѓу операторот и овластените органи. Во рамките на наодите се дадени и рокови за целосно исполнување на условите и/или усогласување на процедурите.

Од спроведените стручни надзори над посочените оператори произлегоа Извештаи/Записници од извршениот стручен надзор од страна на Комисијата од ОТА за вршење на стручен надзор над операторите, кои беа доставени до:

- Комисијата за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите на Собранието на Република Северна Македонија;
- Владата на Република Северна Македонија и
- Агенцијата за електронски комуникации во Република Северна Македонија.

## V. БРОЈ НА СПРОВЕДЕНИ ДИСЦИПЛИНСКИ ПОСТАПКИ ЗА РАБОТНИЦИ ВО ОТА

Во текот на 2019 година во ОТА беа поведени 2 (две) дисциплински постапки за работници во ОТА.

## VI. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ОТА

Во 2019 година со Буџетот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 238/2018) беа обезбедени вкупно средства во износ од 108.830.000,00 (стоиосум милиони осумстотини и триесет илјади денари) од кои беа реализирани вкупно 80.195.760,00 (осумдесет милиони стодеведесетипет илјади деветстотинидеведесетиседум денари). Со изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 211/2019), беа обезбедени вкупно 115.000.000,00 (стоипетнаесет милиони денари), од кои беа реализирани вкупно 60.137.347,00 (шеесет милиони стотридесетиседум илјади тристачетириесетиседум денари), и тоа во следните износи по ставки:

- Вкупно 24.221.608,00 денари се реализирани на ставка 401 и 402;
- Вкупно 568.794,00 денари се реализирани на ставка 420;
- Вкупно 892.937,00 денари се реализирани на ставка 421;
- Вкупно 570.777,00 денари се реализирани на ставка 423.
- Вкупно 18.363.442,00 денари се реализирани на ставка 424
- Вкупно 16.424.953,00 денари се реализирани на ставка 425;
- Вкупно 629.768,00 денари се реализирани на ставка 426;
- Вкупно 17.392.143,00 денари се реализирани на ставка 480;
- Вкупно 232.460,00 денари се реализирани на ставка 483, и
- Вкупно 61.036.225,00 денари се реализирани на ставка 485.

Република Северна Македонија

**ОПЕРАТИВНО–ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА СКОПЈЕ**

Овој Годишен извештај за работењето на ОТА за 2019 година се доставува за разгледување до Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до крајот на февруари 2020 година, и истиот се објавува на видливо место на Интернет страницата на Собранието на Република Северна Македонија.

ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА СКОПЈЕ

ДИРЕКТОР,

Зоран Ангеловски